There are no translations available.

Добредојдовте на серверот на Катедрата за  Железници на Градежниот факултет во Скопје.  Тука може да најдете информации за предметите кои се предаваат, наставниот кадар и истражувачките активности на катедрата.



Брза размена на материјални добра, како и пренос на податоците и информации се одвива со помош на сообраќајната инфраструктура, со која се овозможуваат сите видови на комуникации помеѓу луѓето. Со поврзувањето на населени места и градови, изворот на суровини, производните и потрошувачки центри, се реализира подобра циркулација на луѓе и материјални добра, што води до социо-економски развој на региони и држави. Во светот не постои пример за економски развиена земја без развиена сообраќајна инфраструктура.

Инженерите на насоката за патишта и железници се оспособуваат за планирање, проектирање, изведување и надзор на работите на патната и железничката инфраструктура. Наставата се одвива во следните пошироки научни дисциплини: економија и планирање на транспортни системи, изработка на сообраќајни решенија во урбанистичкото планирање, проектирање и градење на патишта и железници, проектирање и градење на градски сообраќајници, проектирање и градење на тунели, менаџирање со проекти од транспортната инфраструктура.

Примената на компјутерската техника со најнов софтвер е дел од практичната разработка на часовите за вежби со студентите.



Како особена поволност за доусовршување на студентите е можноста да продолжат со последипломски или докторски студии на Универзитетот во Тексас-Институт за Транспорт (Texas Transportation Institute TTI) со кого Градежниот Факултет има потпишано договор за меѓународна соработка и размена на студенти на последипломски студии. Соработката со светските универзитети и размена на студенти е дел од нашата меѓународна соработка. Студентите од нашата насока можат да го продолжат своето образование на Универзитетите во земјите од ЕУ (Франција, Италија, Словенија, Германија и др.).